**Образец бр.1**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за дополнување на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници |
| Министерство: | Министерство за финансии |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Ленче Тагасовска<br>lence.tagasovska@finance.gov.mk<br>3106-746 |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | Ноември, 2011 |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Нема |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. Кои се главните проблеми?

Со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници е утврдено дека овластеното лице и одговорниот сметководител на буџетот и буџетскиот корисник или лице коешто тој ќе го овласти на крајот на фискалната година треба да ги потпише дневникот и главната книга. Додека, законска обврска за потпишување на годишната сметка има само овластеното лице на буџетот и буџетскиот корисник или лицето коешто тој ќе го овласти.

Во моментов не постои евиденција на лицата кои го водат сметководството на буџетите и буџетските корисници.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

*Опција 1:* Не прави ништо. Опцијата “не прави ништо” се користи како параметар за споредба на трошоците и користите од останатите опции (baseline);

*Опција 2:* Донесување на упатство или друг акт со кој ќе се даде насока за подобро спроведување на законот и

*Опција 3:* Донесување на Законот за дополнување на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници заради воведување законска обврска точноста на годишна сметка и нејзината усогласеност со законските одредби, освен одговорното лице на буџетот и буџетскиот корисник или лицето што тој ќе го овласти, со потпис да ја потврди и одговорниот сметководител..

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Централниот регистар на Република Македонија и Секретаријатот за законодавство.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Информацијата по Заклучок на Владата на Република Македонија од Двесте осумнаесеттата седница, одржана на 08.03.2011 година.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Нема потреба од прибирање дополнителни информации и податоци.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

За овој Предлог на Закон ќе се спроведе Иницијална проценка на влијание на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Нема да се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата, спроведувањето на истата ќе се врши од страна на вработените на Министерството за финансии.